## Анекс 2: Акционен план за животна средина и социјални аспекти (АПЖССА)

| Број | ЕБОР/БИ (Барања за изведба) Законски барања/најдобра практика | Акционен план за животна средина и социјални аспекти | Ризици/Придобивки за животната средина и социјалните аспекти | Инвестициски потреби/средства/одговорност | Краен датум до крајот на годината/Фаза на проектот | Цел/ критериуми за проценка за успешно спроведување |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **БИ1: Проценка и управување со влијанијата и проблемите врз животната средина и социјалните аспекти** | **Регистар за обврски:**<br><br>Подготвување **Регистар за Обврски** со цел да се документираат сите мерки за ублажување поврзани со проектирањето, изградбата и работата, наведени во ОВЖС, Елаборатите за животна средина, документацијата на NTS, LARF и SEP и утврди на кој начин е исполнета обврската и која странка е одговорна за тоа (на пример: ЈПДП, Изведувач, трети лица итн.). Овој Регистар треба да се обновува при фазите на изградбата и самото работење. Истото треба биде доставено до Изведувачот. | Сите проблеми поврзани со животната средина и социјалните аспекти се соодветно решени. | *Одговорност:* ЈПДП/Советник<br><br>*Средства:* внатрешни средства | Пред завршувањето на Основниот Проект. | Достапност на Регистарот за обврски.<br><br>Годишен извештај за животната средина и социјалните аспекти (ГИЖССА) до ЕБОР |
| 2 | **БИ1: Проценка и управување со влијанијата и проблемите врз животната средина и социјалните аспекти** | **Систем за Управување со Животна Средина и Социјалните Аспекти (СУЖССА):**<br><br>Воспоставување и имплементација на Системот за управување со животна средина и социјалните аспекти за <u>изградба и употреба</u> на патот во согласност со добрата меѓународна практика, која треба да го вклучува следното (но не и да биде ограничена на истото):<br><br>**План за Управување со Животната Средина и Социјалните Аспекти при зградба (ПУЖССАИ)** (кој треба да вклучува ублажување на одредни проблеми како што се: намалување на пореметувањата врз природната средина, работењето врз речните канали, спречување на загадувањето на водотеците, контрола на прашина/бучава, односи со заедницата, подготовки за пристап, ограничувања, тампон зони, отстранување на непотребен матерјал, ограничување на сезонското работење во одредени области, рехабилитација на земјиштето, процедура за случаен наод, подготвеност за итни случаеви и план за реакција, контрола на ерозија, реакција при истекувања, план за здравство и безбедност, план за управување со работната сила, управување со опасни материи и мерки за спречување на нивно изложување во заедницата итн.) Планот треба да ги содржи конкретните одговорности.<br><br>**План за Управување со Животната Средина и Социјалните Аспекти при употреба (ПУЖССАУ)** (кој треба да одговори на прашања поврзани со загадувањето и контрола на истекувањето, користење и одржување на отпадните масла, мониторинг на бучава и квалитет на воздух, безбедност при сообраќај, итни мерки). ПУЖССАУ треба да вклучува барање за редовно отстранување на храна, отпад, животински трупови итн. од патиштата, со цел да се намалат мршојадците. | Сите проблеми поврзани со животната средина и социјалните аспекти се соодветно решени. | *Одговорност:* ЈПДП да надгледува. ПУЖССАИ да се разбработи од страна на Изведувачот и да се одобри од страна на Надзорниот инженер. ЈПДП е одговорен за ПУЖССАР<br><br>*Средства:* ЈПДП во рамките на организацијата, можеби ќе треба Изведувачот да намени средства на ЖСЗБС за ПУЖССАИ | ПУЖССАИ треба да биде разработен од страна на Изведувачот пред да се започне со изградба и да се спроведе при фазата на изградба (пред да почне изградбата, Планот мора да биде одобрен од Одделението за набавка на експерти/ Надзорниот инженер и ЈПДП) ПУЖССАР треба да биде разработен пред отпочнување со работата и да продолжи во текот на истата | Документирање на плановите за управување<br><br>Обезбедување ажурирања до ЕБОР за спроведување на ГИЖССА |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3 | **БИ1: Проценка и управување со влијанијата и проблемите врз животната средина и социјалните аспекти** | **Планови за мониторинг:**<br><br>Пред-изградбата, изградбата и оперативните мерки за мониторинг врз животната средина и социјалните аспекти треба да бидат разработени во Проектот СУЖССА (види дел 2), кој е во рамките на ПУЖССАИ и ПУЖССАР (соодветно за секој).<br><br>**Мониторинг активности на пред-изградбата** треба да го вклучуваат следното (но не и да бидат ограничени на истото):<br><br>• Нивоата на бучава и квалитетот на воздух (на пример, вклучувајќи, но не и ограничени на $NO_x$, $PM_{10}$, $PM_{2.5}$) да бидат измерени на соодветни локации покрај патот;<br>• Мониторинг како што е предвиден според LARF;<br>• Квалитет на вода (заматеност и растворен кислород) во Брегалница, на место од околу 200м низводно во однос на градежните работи.<br><br>ЈПДП ќе ги вклучи овие барања за пред-изградба во тендерските документи, со цел Изведувачот да ги спроведе, веднаш штом истиот превземе одговорност, меѓутоа пред почетокот на градежните работи.<br><br>**Мониторинг активности** на изградбата треба да го вклучуваат следното (но не и да бидат ограничени на истото):<br><br>• Изведувачот да води сметка за несреќите на патиштата, посебно на новиот и стариот коридор.<br>• Следење со цел да се идентификуваат предметите на културно наследство кои се откриени за време на ископите;<br>• Нивоата на бучава и квалитетот на воздух (на пример, вклучувајќи, но не и ограничувајќи се на $NO_x$, $PM_{10}$) да бидат измерени на соодветни локации покрај патот;<br>• Квалитет на вода (заматеност и растворен кислород) во Брегалница, на место од околу 200м низводно во однос на градежните работи;<br>• Мониторинг според потребите на LARF, вклучувајќи привремено одземање на земјиштето/ договори од страна на Изведувачот<br>• Мониторинг на показатели на проблеми кои произлегуваат од прилив на работна сила во областа (вклучувајќи консултации со општините и локалната заедница);<br>• Заштита од сообраќајни несреќи и безбедност на патиштата.<br><br>ЈПДП ќе ги вклучи овие барања во тендерските документи, со цел Изведувачот да ги спроведе, како дел од Договорот за изградба.<br><br>**Оперативните активности за мониторинг** треба да го вклучуваат следното (но не и да бидат ограничени на истото):<br><br>• Нивоата на бучава и квалитетот на воздухот да бидат измерени на соодветни локации покрај патот, квартално во период од две години после изградбата;<br>• Сите обновени области треба да бидат надгледувани квартално во период од 24 месеци, по предавањето на локацијата, со цел да се утврди дали има повторен раст на вегетацијата. Доколку тоа не се случи – дополнителни мерки – сеење, | Сите влијанија врз животната средина и социјалните аспекти се под соодветен мониторинг | *Одговорност:*<br>*Пред-изградба и изградба:* ЈПДП да надгледува. Изведувачот е задолжен да ја организира фазата на мониторинг на пред-изградбата и изградбата. Некои одговорности може да се отстапат на надворешни соработници (пример, консултанти за мониторинг, екологисти итн.) Инженерот треба да ги одобри плановите за мониторинг.<br>*Оперативно:* ЈПДП да надгледува. Некои одговорности може да се отстапат на надворешни соработници (пример, консултанти за мониторинг, екологисти итн.)<br><br>*Средства:*<br>*Пред-изградба и изградба:* Како што е понудено од страна на Изведувачот во Предмер-Пресметката<br><br>*Оперативно:* ЈПДП треба да развие буџет за мониторинг. | Изведувачот ќе подготви Планови за мониторинг на фазата за изградба, пред да започне самата изградба, која ќе вклучува основен мониторинг на параметрите (на пример, воздух, бучава, вода итн.) пред да се запоне со градежните работи.<br>Планот за мониторинг мора да се одобри од страна на Одделението за набавка на експерти/Надзорниот инженер и ЈПДП<br><br>Оперативниот план за мониторинг мора да се разработи пред започнувањето со работа и истиот ќе продолжи во фазата на работа. | Документираните планови за мониторинг постојат и се ажурирани.<br><br>Обезбедување ажурирања до ЕБОР за спроведување на ГИЖССА |

| Број | ЕБОР/БИ (Барања за изведба) Законски барања/најдобра практика | Акционен план за животна средина и социјални аспекти | Ризици/Придобивки за животната средина и социјалните аспекти | Инвестициски потреби/средства/одговорност | Краен датум до крајот на годината/Фаза на проектот | Цел/ критериуми за проценка за успешно спроведување |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | пресадување садници, пренос на дополнителен горен слој на почва итн. – треба да се превземат со цел вегетацијата да се врати во првобитна состојба.<br>• Заштита од сообраќајни несреќи и безбедност на патиштата.<br><br>ЈПДП мора да се погрижи тие мерки да се исполнат, преку нивно спроведување користејќи внатрешни ресурси, или преку ангажирање надворешен соработник. СУЖССА/ПУЖССАР треба да ги содржи јавните објавувања од извештајот со клучните резултати од извршениот мониторинг. Плановите за мониторинг треба да ги опишат односите во заедницата, параметрите и процесите на мониторингот, особено во однос на управувањето со прашањата кои се поттикнати од страна на локалната заедница. | | | | |
| 4 | **БИ1: Проценка и управување со влијанијата и проблемите врз животната средина и социјалните аспекти** | **Управување и мониторинг на ефикасноста на Изведувачот:**<br><br>ЈПДП ќе воспостави внатрешни механизми за мониторинг и преглед на работата на Изведувачот во однос на животната средина и социјалните аспекти Ова може да се поврзе со улогата на Одделението за набавка на експерти (PIU). | Усогласеност на мониторингот со цел намалување на ризиците и зголемување на придобивките | *Одговорност:* ЈПДП<br><br>*Средства:* Одредени внатрешни средства на ЈПДП и/или PIU. | Воспоставени механизми пред започнување на изградбата | Воспоставен механизам за внатрешен мониторинг – јасно поврзан со улогата на PIU.<br>Извештај на ГИЖССА до ЕБОР |
| 5 | **БИ2: Услови за труд и работа** | **Политики на Човечки ресурси:** Политиките на човечките ресурси мора да бидат подготвени и спроведени од страна на Изведувачот. Истите би ги вклучиле одредбите кои забрануваат користење на детски труд и присилна работа и ќе ги вклучат правата на невработените работници (во согласност со конвенциите на МОТ и барањата на ЕБОР). | Ефективно и подобрено раководство на Човечките ресурси и работната сила<br><br>Подобрени односи меѓу работодавецот и работникот Локални економски придобивки | *Одговорност:* Изведувач<br><br>*Средства:* Човечки ресурси; здравствени установи (или договори за пристап на работниците до тие установи) | Со започнувањето со изградба. | Документирани и спроведени политики на ЧР и Механизам на поплаки.<br><br>Усогласеност/ревизорски извештаи<br><br>Договорите со општините и здравствените работници се евидентираат на локално ниво.<br><br>Извештај на ГИЖССА до ЕБОР |
| 6 | **БИ2: Услови за труд и работа** | **Механизам за поплаки:**<br>Изведувачот ќе развие и спорведе механизам за поплаки за работниците (и за нивните организации доколку истото е применливо, на пример, подизведувачите) во согласност со БИ2, со цел да се овозможи поединците/групите да ја поддигнат свеста за проблемите во однос на работното место. | | | | |
| 7 | **БИ2: Услови за труд и работа** | **Користење на локална работна сила:**<br>Во политиката на ЧР, Изведувачот треба да вклучи политика на 1) рекламирање на сите работни позиции локално, 2) поттикнување и привлекување локалната работна сила да аплицира за работните позиции и 3) првенство на вработување на локалната работна сила каде што е поволно и практично. | | | | |
| 8 | **БИ2: Услови за труд и работа** | **Здравствени установи за работникот и договори со локалните здравствени работници**<br><br>Изведувачот треба да обезбеди пристап до медицински установи и ресурси за работната сила. Изведувачот треба да отпочне со договори со општините и локалните здравствени работници во Штип и Радовиш, во однос на дополнителните притисоци кои овој пристап може да ги има врз ресурсите поврзани со локалното здравство за своите работници во | | | | |

| Број | ЕБОР/БИ (Барања за изведба) Законски барања/најдобра практика | Акционен план за животна средина и социјални аспекти | Ризици/Придобивки за животната средина и социјалните аспекти | Инвестициски потреби/средства/одговорност | Краен датум до крајот на годината/Фаза на проектот | Цел/ критериуми за проценка за успешно спроведување |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | текот на изградбата. | | | | |
| 9 | **БИ4: Здравје и безбедност** | **Здравје и заштита при работа (ЗЗР):**<br><br>Изведувачот ќе подготви план за здравје и безбедност како дел од системот за управување со ЗЗР, во согласност со Системот за управување со здравје и заштита при работа (СУЗЗР) 1800. Условите на договорот се со цел и подизведувачите да го следат планот за здравје и безбедност и системот за управување на ЗЗР. **Особено внимание ќе се обрне на следното:**<br><br>• **Работење на височини**<br>• **Сообраќајот при градежни работи и опрема за работа**<br>• **Активности кои вклучуваат кревање**<br>• **Електрична безбедност**<br>• **Ископувања и подземни нарушувања** | Подобрно здравството и безбедност и безбедна работна средина за работната сила. | *Одговорност:* Изведувач<br><br>*Надгледувано од*: Инженер<br><br>*Средства:* Одреден ЖСЗБС/ЗЗР Директор | Планот мора да биде одобрен пред да се започне со изградбата<br><br>Спроведување за време на фазата на изградба | Документиран План за здравје и безбедност – тековни статистики и податоци за безбедност.<br><br>Обезбедување ажурирања до ЕБОР за спроведување на ГИЖССА |
| 10 | **БИ4: Здравје и безбедност** | **План за управување со сообраќај:**<br><br>Планот за управување со сообраќај треба да биде подготвен од страна на Изведувачот пред изградбата, при што треба да се земе предвид управувањето со сообраќајот на постоечкиот А4 и локалните пристапни патишта од селата до косината. Планот треба да обезбеди соодветен пристап или соодветни алтернативи до локалните општини во секое време и ефектите на времетраењето на патувањата ќе се минимизираат. Транспортните правци ќе ги избегнуваат (колку што е можно) населените места и таму каде што не може да се ограничи возачот, ќе се спроведат одредби (на пример, обука за возачите и кодекс на однесување). Одредбите треба да бидат вклучени во Планот со цел да се обезбедат пристап до јавниот транспорт (т.е. автобуси кои се движат по А4), училишните автобуси да се задржат, а нарушувањата да се минимизирани кај овие општини.<br><br>Управувањето со мешовит сообраќај (т.е. запрежни коли, моторни возила, добиток што пристапуваат кон местата на работа итн.) треба јасно да биде наведено во Планот. Од Изведувачот ќе се бара внимателно да ги испланира работите за постоечките конструкции/раскрсници итн. и да ги постави потребните знаци и одредби за предупредување, со цел да се минимизираат ризиците на кои работниците, локалните заедници, корисниците на патиштата/областите итн. се изложени. Можеби ќе бидат потребни одредени краткорочни пренасочувања за ваков тип на работи. Изведувачот ќе работи со општините и други локални засегнати странки (пример, бизниси, населби итн.). | Согласност со условите за здравство и безбедност на ЕБОР и да се обезбеди здравје и заштита; проблемите та за пристап и отпремнина на локалната заедница се минимизирани. | *Одговорност:*<br><br>ЈПДП да надгледува.<br><br>Изведувач<br><br>Надзорен инженер<br><br>*Средства:* на Изведувачот | Планот мора да биде одобрен пред да се започне со изградбата<br><br>Планот мора да се спрове за време на фазата на изградба | Документиран План за раководење со сообраќај<br><br>Листа со временски договори со локалните заедници и општини во однос на пренасочувањата |
| 11 | **БИ4: Здравје и безбедност** | **Ревизија за безбедноста на патиштата (РБП):**<br><br>Со цел да биде финансиран од ЕБОР, ЈПДП ќе соработува со ЕБОР при назначувањето на независен и соодветен ревизор за безбедноста на патиштата кој ќе ја изврши Ревизијата за безбедност на патиштата во согласност со Директивата на ЕУ 2008/906/ЕК по | Намалување на ризиците од несреќи и подобрување на | *Одговорност:* ЈПДП/Советник<br><br>*Средства:* Технички ресурси за соработка | Крајната фаза на Основниот Проект (и последователно РБП во клучните фази, како што е побарано од | Документирана ревизија за безбедност на патиштата |

| Број | ЕБОР/БИ (Барања за изведба) Законски барања/најдобра практика | Акционен план за животна средина и социјални аспекти | Ризици/Придобивки за животната средина и социјалните аспекти | Инвестициски потреби/средства/одговорност | Краен датум до крајот на годината/Фаза на проектот | Цел/ критериуми за проценка за успешно спроведување |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | завршувањето на крајниот проект и клучните фази како што е посочено во Директивата. Овде треба да се вклучи и преглед на осветлувањето само кај јазлите.[1]<br>Според РБП треба да има задолжително вклучување на економските одржливи подобрувања во однос на безбедноста во Проектот. Ревизијата за безбедноста на патиштата ќе биде заверена од страна на овластен ревизор. Таму каде што препораките на ревизорот за безбедност не се спроведени, причината за одбивање на истите мора да бидат образложени до Банката.<br>Ќе се спроведе инспекција за безбедност на патиштата на пат кој претходно бил оперативен, и доколку е потребно, ќе се развиваат акциони планови за помошни мерки за безбедност на патиштата по ефтина цена. | безбедноста на патиштата. | ќе бидат обезбедени од страна на ЕБОР | Директивата на ЕУ 2008/96/ЕК) | Извештај на ГИЖССА до ЕБОР |
| 12 | **БИ4: Здравје и безбедност** | **Одржување на оградата за заштита:**<br>Проектот вклучува одредба за заштитна ограда по должината на експресниот пат, со цел да се намалат ризиците од неформален пристап до околното земјиште (возила и добиток). За време на оперативноста на оваа ограда, истата треба да се одржува.<br>Исто така, важно е оградата добро да се одржува особено помеѓу км 21.000 и 25.000 на био-коридорот, со цел да се намали појавата на животни на патниот коридор. | Управување со безбедноста на патот и ризиците во однос на безбедноста на општината. | *Одговорност:* ЈПДП да надгледува. Одредни активности може да се насочат кон трети лица.<br>*Средства:* Вклучени во буџетот за одржување на експресниот пат. | Оградата да се постави пред започнувањето со работа на експресниот пат.<br><br>Подготовките за одржување треба да бидат разработени пред отпочнување со работата и да продолжат во текот на истата | Одржувањето на оградата треба да биде надгледувано од страна на СУЖССА/ПУЖССАР |
| 13 | **БИ5: Откуп на земјиште, присилно раселување, економски дестабилизација** | **Подготовка и спроведување на АПР:**<br>Подготовка на Акционен план за раселување (АПР) со цел да се исполнат условите на БИ5, со користење на Откуп на земјиште и План за раселување (LARF) како основа и користење информации од социо-економското истражување, откако ќе се извршат консултации со локалните сопственици и корисници на земјиштето. Користење на резултатите од социо-економското истражување (види дел 14 подолу) со цел да се потврди дали треба да се обезбедат документи или консултациите за откуп на земја и обезбедување егзистенција на населението на други јазици. Да се вклучат сите обврски како што е утврдено во БИ5 и LARF | Усогласеност со барањата на ЕБОР/националните барања | *Одговорност:* ЈПДП<br>*Средства:* Одредени внатрешни ресурси или консултанти<br>**PIU има искусен социјален консултант** | Пред фазата на изградба (т.е. нема пристап до земјиште додека не се изврши плаќање на надомест, примен од квалификувани лица) | Доставување АПР до ЕБОР за ревизија откако ќе биде подготвен. Документиран и спроведен АПР<br><br>Извештај за напредокот на ГИЖССА до ЕБОР |

[1] Ве молиме имајте предвид дека дополнителните придобивки од осветлувањето по должината на патот (на пример, подобрено возачко искуство и безбедност итн.) треба да се балансираат со можните ефекти на биодиверзитетот низ локацијата Пилав Тепе и помалите непријатности од осветлениот коридор итн.

| Број | ЕБОР/БИ (Барања за изведба) Законски барања/најдобра практика | Акционен план за животна средина и социјални аспекти | Ризици/Придобивки за животната средина и социјалните аспекти | Инвестициски потреби/средства/одговорност | Краен датум до крајот на годината/Фаза на проектот | Цел/ критериуми за проценка за успешно спроведување |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 14 | **БИ5: Откуп на земјиште, присилно раселување, економски поместувања** | **Социо-економско истражување/Попис:**<br>Социо-економското истражување/пописот е потребен во Проектот „Засегнати лица“ (вклучувајќи локални села кои зависат за пристап од А4) со цел да се информира АПР. Дискусиите треба да се одржат со општините при планирањето на овие истражувања. Истражувањата ќе бидат темпирани идеално со цел да се извршат истовремено или во слична временска рамка со пописот на средства. Истражувањето ќе помогне при идентификацијата и запишувањето на лица кои немаат вистинско законско право врз земјата која ја поседуваат или користат во засегнатото подрачје.<br><br>За време на социо-економските истражувања, треба да се соберат информации со цел да се увиди кои села користат и/или поседуваат земјиште, вклучувајќи и некои напуштени земјоделски површини. Стратегиите за истражувањата треба да ги вклучуваат и ранливите групи (т.е. не може да се потпрат само на луѓето кои доаѓаат на јавните средби). Вообичаеното користење на земјиштето од страна на некои села е опфатено. За време на истражувањето на мала дива фарма во развој во Дел II, мора да се утврди дали луѓето живеат таму.[2] | Усогласеност со барањата на ЕБОР | *Одговорност:* ЈПДП<br><br>*Средства:* Одредени внатрешни ресурси или консултанти<br><br>**PIU има искусен социјален консултант** | Пред завршувањето на АПР и пред фазата на изградба | Документирани и спроведени резултатите од социо-економските истражувања/попис<br><br>Стратегијата за истражување/попис е поднесена до ЕБОР за да се прегледа и да се подготви.<br><br>Извештај на ГИЖССА до ЕБОР |
| 15 | **БИ6: Зачувување на биодиверзитетот и одржливо управување со живите природни ресурси<br>ЕУ Директива за живеалишта** | **Промени на цевчестиот пропуст во плочест пропуст на км 24.570 во био-коридорот**<br><br>Плочест пропуст со слични димензии ќе се користи на стационажа км 24.570 наместо цевчест пропуст со 1.5м дијаметар, што беше претходно предложено во Проектот (24.09.2015 година). (Тука ќе бидат посоодветни рамните подпатници (премини) за одредени заштитени животни за кои е познато дека се движат на овој коридор). | Намалување на ефектите од прекинот на био-коридорот Смрдеш | *Одговорност:* ЈПДП да назначи Проектант<br><br>*Средства:* Назначени внатрешни средства (ЈПДП и Проектантот) | Во крајниот Основен Проект | Вклучување на изменетите пропусти во Крајниот Проект |

[2] Општината Штип нуди помош за да се утврди кој ја користи локацијата и бара можности заедно со ЈПДП да се изнајдат алтернативни локации/друга помош доколку се утврди дека луѓе живеат таму.

| Број | ЕБОР/БИ (Барања за изведба) Законски барања/најдобр а практика | Акционен план за животна средина и социјални аспекти | Ризици/Придобивки за животната средина и социјалните аспекти | Инвестициски потреби/средства/одговорност | Краен датум до крајот на годината/Фаза на проектот | Цел/ критериуми за проценка за успешно спроведување |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 16 | **БИ6: Зачувување на biодиверзитетот и одржливо управување со живите природни ресурси<br>ЕУ Директива за живеалишта** | **Преглед на одлагалишта:**<br><br>Во **Дел III,** како дел од прегледот на депонии, еколошки преглед ќе биде направен, заедно со специјалист, со цел да се идентификуваат локациите кои нема да бидат директно засегнати Анекс I живеалиште на тревници, и потребните елаборати од животна средина (или други документи) како што е предвидено со националното законодавство ќе се ќе се подготват и достават до релевантните авторитети. Дозволените локации за депонии од страна на релевантните авторитети (т.е. како што е потцртано во одобрените елаборати од животна средина/документација) да се маркираа со употреба на GPS и мапи, и да се достават до Изведувачот во договорната документација. Договорната документација забранува исфрлање и уништување надвор од овие области. | Да се избегне и намали губитокот на суви живеалишта на тревници (Анекс I живеалиште) | *Одговорност:* ЈПДП да назначи проектант<br><br>*Средства:* Назначени во домашни средства (ЈПДП и Проектант) и еколог. | Пред завршувањето на документи за договорот. | Вклучување на ревидирани (одобрени од еколог) дозволени области за одлагалишта во проектната документација и документацијата од животна средина<br><br>Извештај за извршувањето да биде вклучен во ИПЖССА до ЕБОР. |
| 17 | **БИ6: Зачувување на biодиверзитетот и одржливо управување со живите природни ресурси<br>ЕУ Директива за живеалишта<br><br>(БИ3: Ефикасност на ресурси, превенција од загадување, Мерка за контрола на управување со биодиверзитетот / *услов 2*)** | **Мерки за управување со биодиверзитетот/ Услови:**<br><br>Изведувачот да ги примени следните Мерки за управување со биодиверзитетот/Услови кои ќе се интегрираат во ПУЖССАИ и да формираат дискретен дел за управување со биодиверзитетот:<br><br>1. **Рестрикции за пристапот на Изведувачот:** На Изведувачот му е забрането да приоѓа во области од природни живеалишта за било какви причини (на пр. општ пристап, складирање на растенија и опрема, итн.) освен кога постои апсолутна потреба за извршувањето на работните активности. Специфични области кои Изведувачот треба да ги избегнува се: Анекс I Приоритетни Живеалипшта: сува трева псевдо степа и халофитните тревници помеѓу км 1.000 и 4.000;Анекс I Живеалиште: суви тревници км 1.600 до 3.400, 10.500 до 12.600, 15.000 до 15.400;Анекс I Живеалиште: Живеалишта на речни врби-тополи, км 5.500 и 27.600.<br><br>2. **Мерки за конзервација на водените текови и потоците:** Изведувачот да произведе како дел од ПУЖССАИ методот, изјава за да го покрие работењето во водотеците (суво или мокро). Изјава за да се води сметка за следните одредби):<br>Немање пристап или работи во било кој речен канал, освен ако не апсолутно потребно за извршувањето на работите;<br>Нема паркинг за опрема или складирање на било каква опрема или масло, гориво или хемикалии не подалеку од 100 м во сув или влажен речен канал;<br>Речниот тек да се одржува во текот на целото време. Ако е потребен пристап до тековниот канал, мерки да се превземат што ќе го сменат текот | Осигурување на минимален губиток на природните живеалишта.<br><br>Зачувување на речните живеалишта и намалување на ризиците ците по течението чувствителни / заштитени подрачја.<br><br>Намалување на губитокот на индивидуални, вклучувајќи и заштитени видови.<br><br>Заштита на птици кои несат во | *Одговорност:* ЈПДП да вклучува договорна документација. Изведувачот да развие и изврши. Инжинерот да одобри.<br><br>*Средства:* Вклучени во цената на изведувачот. | ПУЖССАИ треба да биде разработен од страна на Изведувачот пред изградбата и спроведувањето при фазата на изградба (пред да почне изградбата, Планот мора да биде одобрен од Одделението за набавка на експерти/ Надзорниот инженер и ЈПДП) | План за управување на животна средина и социјални аспекти при изведба (вклучувајќи го делот за управување со биодиверзитет и поврзани Изјави за Метод) документирани и одобрени.<br><br>Обезбедување обновени податоци за спроведување во ИПЖССА до ЕБОР |

| Број | ЕБОР/БИ (Барања за изведба) Законски барања/најдобра практика | Акционен план за животна средина и социјални аспекти | Ризици/Придобивки за животната средина и социјалните аспекти | Инвестициски потреби/средства/одговорност | Краен датум до крајот на годината/Фаза на проектот | Цел/ критериуми за проценка за успешно спроведување |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | после работните активности.<br>Немање на склад или испуштање на отпадни води, расипан ископ или друг материја може да се направи до речните канали или водените текови;<br>Изведувачот треба да е припремен за изненадна поплава, или изненадни покачувања на воденото ниво и водениот тек, и треба да ги осигура сите работи (вклучувајќи ги насипите во изградба, дрвената оплата, челик итн.) за да не се уништат од поплавите.<br>Било каков настан на загадување во водените текови треба да се направи добро од страна на изведувачот, на задоволство од Одделението за набавка на експерти, Надзорниот Инжинер и МЖСПП.<br><br>3. **Ангажирање на Еколог:** Изведувачот треба да ангажира еколог за следните активности чиј делокруг на работа ќе бидат јасно наведени во делот на управување со биодиверзитетот на ПУЖССАИ | меѓународната област на птици и Пилав Тепе/Плоче пошумени области. | | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | • Во областите на природните живеалишта кои се директно под коридорот на патор, веднаш пред започнувањето на чистење на земјиштето, Изведувачот да ангажира еколог кој ќе врши надзор над чистењето пред градењето на било какви подвижни животни (на пр. желки, водоземци итн.) од областа. Ова треба да се случува на следните локации: На премини од реки, и на сите зимзелени и листопадни шуми, каде дрвја или грмушки ќе бидат отстранети (т.е. на км 10.000 до 10.800, 12.600 до 12.800, 14.600 до 14.700, на 15.800, и од 17.000 до 25.400).<br>• Екологист треба да се ангажира да го надгледува чистењето пред изградбата на било какви подвижни животни (на пр. желки) или гнезда, итн. од областа на вегетацијата да бидат расчистени, вклучително и во речните канали, а особено во сливот на реката Брегалница Расчистување да се ограничи на само области неопходни за изградба на работите.<br>• Доплнително, каде што водени површини се директно засегнати од работите (на пр. ќе бидат одводнети, или ископани) и каде работите ќе се одвиваат помеѓу месец Март и Јули (инклузивно) обиди треба да се направат со помош на еколози, да се преместат водоземците во соседните водени површини кои нема да се нарушат со работите, со цел да се намали смртноста на водоземците за време на работите.<br>• Во био-коридорот км 21.000 до 25.000, треба да се ангажира еколог за време на изградбата, договорот да се испита на околниот терен од надворешноста на линијата на оградата, и со проектот да се предвиди охрабрување на животните кон коридорите со засадена вегетација кон премините, и да се предвиди некаква заштита за нив.<br><br>4. **Мерки на заштита помеѓу км 18.000 и 24.000 (Взжна област на птици ВОП)** Со цел да се минимизира опасноста на птица со гнезда на потегот меѓу км 18.000 и 24.000 **,** на Изведувачот му е забрането да работи на овој потег.<br>• Извршување на минирање или кршење на карпи ***за време на пролетната сезона на носење на птици –арт – Јули (инклузивно);***<br>• Пристапување кон пошумени области, освен во оние кои се строго потребни за изградба на привремените работи;<br>• Чистење на било каква шумска вегетација, освен во работниот коридор.<br>• Седење на пристапни патишта, работни бараки, места на ископ на материјали, места на уништување на седиментација;<br>• Ископ на материја за исполна или агрегат, или било каква намена освен во рамките на коридорот на привремените работи.<br>• Дозволување на гражните работници да влезат во пошумените области за било каква причина, или да бараат гнезда или јајца.<br><br>**5. Санација на оштетена вегетација**<br>• Кога ќе се завршат градежните работи, областите кои не се предвидени со перманентна инфраструктура, вклучувајќи ги областите кои се употребуваат за пристапни патишта, речни брегови итн. треба да се санираат со ставање на земја и садење (доколку е потребно) за да се овозможи растење на природна вегетација. Санација на речната вегетација во речните канали, посебно на | | | | |

| Број | ЕБОР/БИ (Барања за изведба) Законски барања/најдобра практика | Акционен план за животна средина и социјални аспекти | Ризици/Придобивки за животната средина и социјалните аспекти | Инвестициски потреби/средства/одговорност | Краен датум до крајот на годината/Фаза на проектот | Цел/ критериуми за проценка за успешно спроведување |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | преминот на река Брегалница е посебно важно. Помош од ботанички експерти треба да се обезбеди за водење на санацијата.<br>• Целата нова вецегатија треба да биде од примероци кои се соодветни за областа, за да се превенира вклучување на инвазивни примероци.<br>• Областите на санација да се набљудуваат тромесечно за 24 месеци од страна на екологист следствено со предавање на местот, за да се обезбеди повторно растење на вегетацијата. Доколку тоа не се постигне, дополнителни мерки се предвидени – сеење, расадување на млади стебла, увезување на дополнителна земја за горниот слој и сл. за да се обезбеди повторното растење на вегетација. | | | | |
| 18 | **БИ8: Културно наследство** | **Постапка за случајни наоди на предмети од културно наследство**<br>Утврдување на Постапката за Случајни наоди за период на изградба (меѓутоа, ризикот е мал за случајни наоди покрај трасата) да се вклучи известување пред ископот до Министерството за Култура | Намалување на ризиците на местата на културно наследство | *Одговорност:* ЈПДП, Изведувач, Надзорен инжинер<br>*Средства:* или Изведувач | Известување до Министерството за време на изградбат пред започнувањето на ископите. | Годишен извештај за извршувањето да бе вклучен во ГИЖССА до ЕБОР. |
| 19 | **БИ10: Објавување на информации и ангажман на акционерите** | **ПР10: Вклучување на засегнати страни и Објава на Информации за Проектот**<br>Имплементирање на План за вклучување на засегнати страни (SEP) и надградба доколку е потребна. ЈПДП да осигура дека Изведувачот е инволвиран во ангажманот со засегнатите страни и ги извршува соодветните делови Планот. Кога е можно, објавување на информации за проектот на патот, вклучувајки Не-техничкото резиме, информации кои пристапни патишта ќе бидат отсечени или блокирани, дали за време на изградбата, или привремено на патните јазли. Вклучува информации за распоред на градба. Информациите да се објават во селата во проектната област.<br>Јавни Средби ( врз основа на Нетехничиокот резиме) треба да се организираат во Општинските центри (т.е. Штип и Радовиш) и неколку села покрај трасата (т.е. Лакавица и Софилари и можно е Селце и Бучим, Тополница и Инјево). Постоечките општински структури (на пр. Селските Совети и Претставници) ќе бидат вклучени во методот на вклучување. | Управување со ризици и влијанија на погодените општини и бизниси ( и други засегнати лица) | *Одговорност:* ЈПДП, Проектант, Изведувач<br>*Средства:* Интерни средства (ЈПДП и Проектант) | Фаза пред изградба и продолжува за време на изградба и делување | Ширење на информации и документирање во надополнет План за вклучување на засегнати страни (SEP).<br>Известување во Годишниот Извештајот за процена на животната средина и социјалните аспекти (ГИПЖССА) до ЕБОР. |
| 20 | **БИ10: Јавна објава на Информаци и Вклучување на Засегнати страни** | **Механизам за жалби:**<br>ЈПДП и Изведувачот да применат Механизам за Жалби за засегнатите страни и останати лица под влијание акционерите *(како што е наведено во Планот за за вклучување на засегнати страни иРамката за експропријација )* . ЈПДП да осигура мониторинг на жалбите. | Управување со ризици и влијанија на погодените општини и други засегнати страни( на пр. | *Одговорност:*<br>ЈПДП, Изведувач, Надзорен инжинер<br>*Средства:* Интерни средства (ЈПДП и | Фаза пред изградба продолжува за време на изградба и употреба. | Ширење на информации и документирање во надополнет План за вклучување на засегнати страни (SEP). |

| Број | ЕБОР/БИ (Барања за изведба) Законски барања/најдобра практика | Акционен план за животна средина и социјални аспекти | Ризици/Придобивки за животната средина и социјалните аспекти | Инвестициски потреби/средства/одговорност | Краен датум до крајот на годината/Фаза на проектот | Цел/ критериуми за проценка за успешно спроведување |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | локални бизниси). | Проектант, Изведувач) | | Извештај за жалбите итн. во ГИПЖССА до ЕБОР |